СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ Излегува по потреба Рок на рекламации 15 дена	16.11.2026 година Скопје Број 13 год. XXI	Претплатата за 2026 год. изнесува 1.500,00 денари. Овој број чини 150,00 денари.

www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk

ноември, 2026 година

С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје бр. 05-545/1 од 7.10.2026 година, со Решение за објавување ..... 1 - 2

- Одлука за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година, на Општинското основно училиште „Коле Неделковски"-Скопје бр. 04-720/1 од 12.11.2026 година, со Решение за објавување ..... 3 - 4

- Одлука за давање на трајно користење на недвижен имот-Спортско рекреативна сала на ООУ „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, со Решение за објавување, со Решение за објавување ..... 5 - 6

- Одлука за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање , со Решение за објавување ..... 7 - 8

- Одлука за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Енергетска ефикасна реконструкција на ООУ Св. Кирил и Методиј-Центар", со Решение за објавување ..... 9 - 10

- План на Програми за развој за период 2027-2029 година, на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ..... 11 - 34

- Програма за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ..... 35 - 38

- Програма за измена и дополнување на Програма за реконструкција и санација на основни училишта и детски градинки на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ..... 39 - 43

- Програма за измена и дополнување на Програма за образование на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ..... 44 - 46

- Програма за измена и дополнување на Програма за социјална, здравствена заштита и заштита на децата на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ..... 47 - 49

- Програма за измена и дополнување на Програма за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ..... 50 - 51

- Заклучок, со Решение за објавување ..... 52 - 53

- Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со Решение за објавување ..... 54 - 109

- Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје, за субвенционирање на правни субјекти за обезбедување пристапност за лица со попреченост на подрачјето на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ..... 110 - 114

- Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје, за субвенционирање и поддршка на микро и мали претпријатија за производство на домашни производи, со Решение за објавување ..... 115 - 120

- Решение за избор на член од Советот на Општина Центар-Скопје за претставник во Мрежата на асоцијации на локални власти од југоисточна Европа (НАЛАС), со Решение за објавување ..... 121 - 122

- Правилник за измена на Правилникот за реализација на проект „Субвенции за реконструкција на фасади на колективни станбени згради", со Решение за објавување ..... 123 - 124

- Јавна објава ..... 125 - 127

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје
бр. 05-545/1 од 7.10.2026 година

Се објавува Одлуката за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година, на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје бр. 05-545/1 од 7.10.2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година.

Бр. 09-6061/3
13.11.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година, на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје бр. 05-545/1 од 7.10.2026 година

Член 1

Се дава согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година, на Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје бр. 05-545/1 од 7.10.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Димитар Миладинов"-Скопје.

Член 3

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6061/2
13.11.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година, на Општинското основно училиште „Коле Неделковски"-Скопје бр. 04-720/1 од 12.11.2026 година

Се објавува Одлуката за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година, на Општинското основно училиште „Коле Неделковски"-Скопје бр. 04-720/1 од 12.11.2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година.

Бр. 09-6061/5
13.11.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година, на Општинското основно училиште „Коле Неделковски"-Скопје бр. 04-720/1 од 12.11.2026 година

Член 1

Се дава согласност за Измена на Годишниот план за вработување за 2026 година, на Општинското основно училиште „Коле Неделковски"-Скопје бр. 04-720/1 од 12.11.2026 година.

Член 2

Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Коле Неделковски"-Скопје.

Член 3

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6061/4
13.11.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижен имот-Спортско рекреативна сала на ООУ „Св. Кирил и Методиј"-Скопје

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на недвижен имот-Спортско рекреативна сала на ООУ „Св. Кирил и Методиј"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година.

Бр. 09-6061/7
13.11.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 3 став 2 и член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18; „Службен весник на РСМ“ 101/19; 275/19 и 122/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на трајно користење на недвижен имот - Спортско рекреативна сала на ООУ „Св. Кирил и Методиј“-Скопје

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Центар-Скопје ја утврдува потребата за давање на трајно користење на недвижен имот–Спортско рекреативна сала со намена спорт на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј“-Скопје на подрачјето на Општина Центар-Скопје и тоа:

- недвижна ствар со намена Д3-1 – Спортско рекреативна сала без трибини (фискултурна сала) кој се наоѓа на улица „Стив Наумов“ бб согласно Имотен лист број 112843 КП 8889 за КО Центар.

Член 2

Советот на Општина Центар-Скопје, недвижниот имот-објекти утврден во член 1 на оваа Одлука го дава на трајно користење на без надомест, исклучиво за вршење на дејност спорт.

Примопредавање на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука е извршено со основање на основните училишта на подрачјето на Општина Центар – Скопје и сите обврски кои се однесуваат на тековното и инвестиционо одржување на објектот, како и режиските трошоци (струја, вода, парно и сл.) продолжуваат на име на училиштата.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје”.

Бр. 08-6061/6
13.11.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година.

Бр. 09-6061/9
13.11.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на Република Македонија" број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 241/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за измена на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање

Член 1

Во член 2 од Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање, во претпоследниот ред, текстот „во рок од три месеци“ се заменува со следниов текст „заклучно до 31.12.2026 година“.

Член 2

Во член 3 од Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на урбанизмот и просторното планирање, во претпоследниот ред, текстот „за временски период од три месеци“ се заменува со следниов текст „заклучно до 31.12.2026 година“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје”.

Бр. 08-6061/8
13.11.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Енергетска ефикасна реконструкција на ООУ Св. Кирил и Методиј-Центар"

Се објавува Одлуката за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Енергетска ефикасна реконструкција на ООУ Св. Кирил и Методиј-Центар",

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година.

Бр. 09-6061/11
13.11.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), а во врска со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП), Советот на Општина Центар-Скопје на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Енергетска ефикасна реконструкција на ООУ Св. Кирил и Методиј-Центар"

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Центар – Скопје дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) на проектот „Енергетска ефикасна реконструкција на ООУ Св. Кирил и Методиј-Центар".

Член 2

Финансиските средства за реализација на проектот „Енергетска ефикасна реконструкција на ООУ Св. Кирил и Методиј-Центар", се обезбедени со Договор за под-заем и грант бр.05/2025 од 08.08.2025 година склучен помеѓу Министерство за финансии и Општина Центар-Скопје, во рамки на Проектот за Енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска Банка.

Член 3

Општина Центар-Скопје ќе обезбеди средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје доколку за реализација на проектот се надмине вредноста од Договорот за под-заем и грант со Министерство за финансии наведен во член 2 од оваа Одлука. Финансиските средства кои се обезбедуваат од Буџетот на општината од став 1 на овој член се определуваат до 2.300.000,00 денари.

Член 4

Се овластува и задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ги превземе сите дејствија и да ги потпише сите акти, договори и анекси кои произлегуваат и се потребни за реализација на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6061/10
13.11.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на План на програми за развој за период 2027-2029 година, на Општина Центар-Скопје

Се објавува Планот на програми за развој за период 2027-2029 година, на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година.

Бр. 09-6061/13
13.11.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Во согласност со член 21-б од Законот за буџети („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05; 04/08; 103/08; 64/05; 156/09; 95/10; 180/11 и 171/12) и со член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06), Советот на Општина Центар-Скопје на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година, донесе:

ПЛАН
НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ ЗА ПЕРИОД 2027-2029 ГОДИНА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, СЕ СОСТОИ ОД:

I. Реконструкција и изградба на инфраструктура

II. Изградба на детска градинка

III. Реконструкција и модернизација на јавното осветлување на територијата на Општина Центар-Скопје

IV. Изградба на Општинска Зграда

V. Реконструкција на спортска сала

VI. Зона за ограничување на движење на сообраќај

VII. Партерно уредување-пјацети и хортикултурно уредување

VIII. Изградба на дом за стари лица

IX. Изградба на базени во ООУ

X. Доградба на Основно училиште

Активност бр.1	Пренаменување на улица Мирослав Крлежа (поранешна Ѓуро Ѓаковиќ) во пешачка зона и резиденцијална зона, со ново улично осветлување , поставување на урбана опрема и реконструкција на коловозот.				
Очекуван резултат-ефект	Реконструирана целосно и пренаменување во пешачка зона.				
Ризик					
Локација -ДУП	Дебар Маало				
Датум за почеток	2021 година				
Датум за завршување	2027 година				
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште				
Проект	Основниот Проект е изработен од фирмата Инком Инженеринг				
Фирма	Потребно е да се распише повторна јавна набавка.				
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 76.800.000,00 денари средства, од кои 48.000.000,00 денари се планирани од светска банка а останатиот дел од средствата во износ од 28.800.000,00 денари се планирани од Општина Центар.				
Година	**2021**	**2024**	**2025**	**2026**	**2027**
Вредност	**750.000,00 денари исплатено**	**0 денари**	**0 денари**	**0 денари**	**28.800.000,00 Денари 48.000.000,00 Денари светска банка**

Активност бр.2	Населба Долно Водно, Капиштец– реконструкција на улиците - Владимир Назор, Васил Левски и Ѓорги Абаџиев и Загрепска цела должина		
Очекуван резултат-ефект	Реконструкција на коловозот, само гребење и асфалтирање на улиците- Владимир Назор,Васил Левски и Ѓорги Абаџиев и Загрепска - по цела должина		
Ризик			
Локација -ДУП	J07 (Капиштец)		
Датум за почеток	2025 година		
Датум за завршување	2028 година		
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште		
Проект	Нема		
Фирма	/		
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 40.000.000,00 денари		
Година	**2026**	**2027**	**2028**
Вредност	**500.000,00 денари**	**19.500.000,00 денари**	**20.000.000,00 денари**

Активност бр.3	Локалитет Тасино Чешмиче – изградба на улици и комунална инфраструктура во локалитет Тасино Чешмиче - ул. Тодор Александров 6, ул. Тодор Александров 7, ул. Тодор Александров 8, ул. Тодор Александров 9, ул. Тодор Александров 11, ул. Тодор Александров 12			
Очекуван резултат-ефект				
Ризик	/			
Локација -ДУП	J06 (Тасино Чешмише)			
Датум за почеток	2025 година			
Датум за завршување	2028 година			
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште			
Проект	Има изготвено проект и ревизија на истите			
Фирма	Избран изведувач фирмата Гранит			
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 50.500.000,00 денари			
Година	**2025**	**2026**	**2027**	**2028**
Вредност	**5.000.000,00 денари**	**3.000.000,00 денари**	**27.500.000,00 денари**	**15.000.000,00 денари**

Активност бр.4	Локалитет Клинички Блок – реконструкција и рехабилитација (санација) на ул.50та Дивизија со краци и изградба на инфраструктура		
Очекуван резултат-ефект	Реконструкција на коловозот, гребење и асфалтирање на улиците ул.50та Дивизија со краци и изградба на инфраструктура на улица 1738 со краци ,улица Герман +експропријација ???		
Ризик	/		
Локација -ДУП	Клинички Блок		
Датум за почеток	2026 година		
Датум за завршување	2028 година		
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште		
Проект	Потребно е изработка на проект		
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач		
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 33.000.000,00 денари		
Година	**2026**	**2027**	**2028**
Вредност	**1.500.000,00 денари**	**26.500.000,00 денари**	**5.000.000,00 денари**

Активност бр .5	Реконструкција на коловоз и тротоари на ул.Ленинова (помеѓу бул.Партизански Одреди до Градски Парк)- Дебар Маало на територија на Општина Центар -Скопје	
Очекуван резултат-ефект	Реконструкција на коловоз и тротоари на ул.Ленинова, велосипедски патеки, подобрување на паркинг просторот и зголемување на зеленилото	
Ризик	Министерство за локална самоуправа – Финансирање на инфраструктурни проекти	
Локација - ДУП	Дебар Маало - ул.Ленинова (помеѓу бул.Партизански Одреди до Градски Парк)- Дебар Маало на територија на Општина Центар -Скопје	
Датум за почеток	2026 година	
Датум за завршување	2027 година	
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште	
Проект	Има изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот	
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач	
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 43.500.000,00 денари.	
Година	**2026**	**2027**
Вредност	**7.300.000,00 денари**	**36.200.000,00 денари**

Активност бр.6	Локалитет Клинички Блок – Изградба на детска градинка во локалитет Клинички блок		
Очекуван резултат-ефект	Изградба на детска градинка во локалитет Клинички блок, со капацитет до 150 деца		
Ризик	/		
Локација -ДУП	Клинички Блок		
Датум за почеток	2027 година		
Датум за завршување	2029 година		
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште		
Проект	Потребно е изработка на проект		
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач		
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 203.000.000,00 денари		
Година	**2027**	**2028**	**2029**
Вредност	**5.000.000,00 денари**	**88.000.000,00 денари**	**110.000.000,00 денари**

Активност бр.7	Модернизирањето на системот за јавно осветлување со воведување на ЛЕД-технологија и со примена на современи техники за управување и надзор има цел да се обезбедат/и: - Подобри услови за одвивање на јавниот сообраќај - Зголемена безбедност на јавните површини - Намалување на светлосното загадување - Намалување на потрошувачката на електрична енергија - Намалување на трошоците за одржување - Овозможување попрецизно планирање на буџетот - Ослободување на фискален простор за други проекти - Олеснување на планирањето за проширување на јавното осветлување - Подобар естетски изглед на територијата на Општина Центар-Скопје - Подобар квалитет на живот на граѓаните Распишување тендер, потпишување договор за јавно приватно партнерство.
Очекуван резултат-ефект	**Актуелни финансиски показатели** Според расположливите податоци, вкупната годишна вредност на електричната енергија што е потрошена во 2021 година за потребите на јавното осветлување, што е предметна разгледување, изнесува околу 23.000.000,00 денари. Фактурираните услуги за тековно одржување на јавното осветлување за претходната година изнесуваат околу 8.000.000,00 денари што претставува реална слика за трошоците за одржување. **Техничка анализа** *Постоен систем на јавно осветлување воОпштина Центар-Скопје* Системот за јавно осветлување во Општина Центар-Скопје се состои од столбови-носачи, светлечки тела, подземни и надземни електроводови, мерни места и придружна опрема (кабли, конектори, осигурувачи исл.). Еден дел од мерната опрема се наоѓа во трафостаниците што се во надлежност на ЕВН Македонија. Металните столбови-носачи се во сопственост на Општината, а бетонските и дрвените столбови делумно се сопственост на ЕВН Македонија, делумно на кабелските провајдери и делумно на Македонски Телеком. Светилките се сопственост на Општината.

	Разводната мрежа е сопственост на Општината, но сите интервенции на неа може да се вршат само со согласност од ЕВН Македонија. Основните карактеристики на постојниот систем за јавно осветлување во ОпштинаЦентар-Скопје може да се сведат под следново: - Не постои катастар за опрема за јавноосветлување - Нема прецизни податоци за типовите, состојбата и за должината на подземните електроводови - Нема прецизни податоци за надземните електроводови - Нема прецизни податоци за користењето на столбовите-носачи од другите корисници (телекомуникации, кабелска телевизија, интернет исл.) - Дотраените светлосни арматури и придружната опрема предизвикуваат чести дефекти - Застарен систем за надзор и за управување - Несразмерноста на вкупно инсталираната моќност на јавното осветлување и количината потрошена електрична енергија укажуваат на постоење на илегално приклучени потрошувачи *Основни карактеристики на ЛЕД-светилките* - ЛЕД-светилките (LED) се составени од повеќе диоди што емитираат светлина, така што е можно да се врши поединечно насочување на емисијата на светлината на секоја од нив, со што се постигнува значително намалување на расфрлањето на светлината, а тоа значи поголем светлосен ефект, помало светлосно загадување и постигнување на соодветно осветлување на саканата површина, со помала потрошувачка на електрична енергија.

	- Дополнителна заштеда претставува можноста за димување од 0 до 100% интензитет на светлина со сразмерна промена на потрошувачката на енергија, во зависност од моментните потреби, а под контрола на системот за управување. Нивниот просечен работен век е околу 16 години, а сето ова битно влијае и врз цената за одржување. Имајќи ја предвид значително помалата потрошувачка на електрична енергија и можноста за ефикасен автоматски надзор и управување, без оглед на значително поголемата инвестициска цена, овој вид осветлување, гледано на подолг период, е исклучително исплатлив. Преку различните видови заштеда почетната инвестиција се враќа во рок од четири (4) до седум (7) години и со рокот на траење на светилките донесува годишна заштеда од 60% до 80% во однос на постојниот систем за јавно осветлување. Системот за управување со осветлувањето треба да се состои од: 1. ЛЕД-светилки 2. Линиско-комуникациски уреди 3. Центар за управување и соодветен софтвер 4. Дополнителни софтверски апликации за таблет/ уреди смартфон (smartphone) **Економско-финансиска анализа** Економско-финансиската анализа се заснова врз трошоците и очекуваната добивка во периодот на следните 15 години, период за кој се прогнозира техничкиот век на предложеното решение. Врз основа на согледаната состојба на терен и просечните пазарни цени, вкупниот трошок на инвестицијата би изнесувал: - Замена на постојните околу 7000 светилки и дополнувањесо нови по потреба заради постигнување подобар квалитет на осветлувањето, вкупно инсталирана сила околу 240KW. Со замената на постојниот систем на осветлување и со неговата модернизација може да се постигнат, гледано економско-финансиски, следнивеефекти: Да се намали годишната потрошена електрична енергија за најмалку 60%, со тоа што оваа заштеда може значително да се зголеми со помош на внимателното програмирање на интензитетот на осветлувањето во текот на активниот период, благодарение на можноста ,,димување “.

	- Со помош на современите системи за надзор и за управување со осветлувањето може да се следи, како целокупната потрошувачка, така и потрошувачката на секоја поединечна ЛЕД-светилка или група светилки. Овој факт може да послужи како силен аргумент за регулирање на односите во врска со приклучувањето на јавното осветлување и така да се добиваат дополнителни заштеди во однос на потрошувачката на електрична енергија. Во случај на реализирање на проектот, реално е да се очекува при реконфигурацијата на напојувачката мрежа на јавното осветлување од неа да се исклучат барем 50% други корисници за кои Општината досега ја плаќала електричната енергијата. Трошоците за одржување се намалуваат на минимум благодарение на значително подолгиот работен век на ЛЕД-светилките и фактот дека на терен се излегува кога е потребно, односно само тогаш кога системот за надзор и за управување ќе ја најави потребата по автоматското детектирање на аномалијата. Со реализирање на предложената програма во наредниот период може да се очекува значителна заштеда на финансиски средства, поголема енергетска ефикасност, зголемена безбедност на јавните површини, естетски изглед, намалено светлосно загадување и придонес во вкупната заштита на животната средина. **Потребни финансиски средства** За реализација на оваа Програма се потребни средства во износ од 191.000.000,00 денари, од кои: - За 2023 година се планираат средства во висина од 20.000.000,00 денари, Останатиот износ од 171.000.000,00 денари ќе се планира во следните години, почнувајќи од 2024 година и заклучно со 2027 година, со динамика што ќе зависи од реализираната финансиска заштеда од веќе поставените современи системи.

Ризик	/				
Локација -ДУП	Цела територија на Општина Центар-Скопје (сите улици)				
Датум за почеток	2023 година				
Датум за завршување	завршен проект 2025год. останато за плаќање до 2028 година				
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште				
Проект	Основни проекти				
Фирма	/				
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 139.500.000,00 денари				
Година	**2024**	**2025**	**2026**	**2027**	**2028**
	25.600.000,00 денари	**25.600.000,00 денари**	**34.100.000,00 денари**	**34.100.000,00 денари**	**11.300.000,00 денари**

Активност бр.8	Локалитет Дебар маало – Подземен паркинг до 300 возила и Изградба на општинска зграда			
Очекуван резултат-ефект	Изградба на подземен паркинг до 300 возила и Изградба на општинска зграда, изведба во две фази			
Ризик	/			
Локација -ДУП	Дебар Маало			
Датум за почеток	2026 година			
Датум за завршување	2029 година			
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште			
Проект	Потребно е изработка на проект			
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач			
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 951.000.000,00 денари			
Година	**2026**	**2027**	**2028**	**2029**
Вредност	**500.000,00 денари**	**50.500.000,00 денари**	**150.000.000,00 денари**	**750.000.000,00 денари**

Активност бр. 9	Реконструкција на спортска сала Работнички – втора фаза на територија на Општина Центар - Скопје	
Очекуван резултат-ефект	Реконструкција на спортска сала Работнички втора фаза- подобрување на условите за спорт	
Ризик	/	
Локација - ДУП	Градски Парк – Реконструкција на спортска сала Работнички на територијата на Општина Центар-Скопје	
Датум за почеток	2025 година	
Датум за завршување	2026 година	
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште	
Проект	Има изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот	
Фирма	Има изведувач	
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 110.600.000,00 денари.	
Година	**2025**	**2026**
Вредност	**87.600.000,00 денари**	**23.000.000,00 денари**

Активност бр. 10	Воведување на ограничување на движење на моторни возила и тешки товарни возила на дел од сообраќајниците во урбаните четврт Дебар Маало 1,Дебар Маало 2 и Парк (воведување на пешачка зона за време на викенд)	
Очекуван резултат-ефект	Воведување на ограничување на движење на моторни возила и тешки товарни возила на дел од сообраќајниците во урбаните шетврт Дебар Маало 1,Дебар Маало 2 и Парк (воведување на пешачка зона за време на викенд)	
Ризик	Министерство за локална самоуправа – Финансирање на инфраструктурни проекти	
Локација - ДУП	Дебар Маало 1, Дебар Маало 2 и Парк - Воведување на ограничување на движење на моторни возила и тешки товарни возила на дел од сообраќајниците во урбаните четврт Дебар Маало 1, Дебар Маало 2 и Парк (воведување на пешачка зона за време на викенд)	
Датум за почеток	2027 година	
Датум за завршување	2028 година	
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште	
Проект	Има изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот	
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач	
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 20.000.000,00 денари.	
Година	**2027**	**2028**
Вредност	**5.000.000,00 денари**	**15.000.000,00 денари**

Активност бр. 11	Партерно уредување на улица 8ми Март- Дебар Маало на територија на Општина Центар -Скопје
Очекуван резултат-ефект	Реконструкција на партерот на улица 8ми Март – трансформација во една модерна урбана пиацета, поплочена со гранитни плочи и травертин
Ризик	Министерство за локална самоуправа – Финансирање на инфраструктурни проекти
Локација - ДУП	Дебар Маало - ул.8ми Март- помеѓу ул.Орце Николов и бул.Илинден на територијата на Општина Центар-Скопје
Датум за почеток	2027 година
Датум за завршување	2027 година
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште
Проект	Има изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 5.000.000,00 денари.
Година	**2027**
Вредност	**5.000.000,00 денари**

Активност бр. 12	Партерно уредување на улица Коста Веселинов- Дебар Маало 2 на територија на Општина Центар -Скопје
Очекуван резултат-ефект	Реконструкција на партерот на улица Коста Веселинов – трансформација во една модерна урбана пиацета, поплочена со гранитни плочи
Ризик	Министерство за локална самоуправа – Финансирање на инфраструктурни проекти
Локација - ДУП	Дебар Маало 2 - ул.Коста Веселинов- помеѓу ул.Орце Николов и бул.Илинден на територијата на Општина Центар-Скопје
Датум за почеток	2027 година
Датум за завршување	2027 година
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште
Проект	Има изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 1.950.000,00 денари.
Година	**2027**
Вредност	**2.000.000,00денари**

Активност бр. 13	Партерно уредување на улица Коле Неделковски - Дебар Маало 2 на територија на Општина Центар -Скопје
Очекуван резултат-ефект	Реконструкција на партерот на улица Коле Неделковски – трансформација во една модерна урбана пиацета, поплочена со гранитни плочи
Ризик	Министерство за локална самоуправа – Финансирање на инфраструктурни проекти
Локација - ДУП	Дебар Маало 2 - ул.Коле Неделковски- помеѓу ул.Орце Николов и бул.Илинден на територијата на Општина Центар-Скопје
Датум за почеток	2027 година
Датум за завршување	2027 година
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште
Проект	Има изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 4.300.000,00 денари.
Година	**2027**
Вредност	**4.300.000,00денари**

Активност бр. 14	Партерно и хортикултурно уредување во Градски зид блок 1 и зелено пазарче на територија на Општина Центар -Скопје	
Очекуван резултат-ефект	Партерно и хортикултурно уредување во Градски зид блок 1 и зелено пазарче – трансформација во една модерна урбана пиацета, поплочена со гранитни плочи	
Ризик	Министерство за локална самоуправа – Финансирање на инфраструктурни проекти	
Локација - ДУП	Партерно и хортикултурно уредување во Градски зид блок 1 и зелено пазарче од ул. Македонија до Зелено пазарче на територијата на Општина Центар-Скопје	
Датум за почеток	2026 година	
Датум за завршување	2027 година	
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште	
Проект	Има изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот	
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач	
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 61.500.000,00 денари.	
Година	**2026**	**2027**
Вредност	**8.000.000,00 денари**	**53.500.000,00денари**

Активност бр. 15	Партерно уредување на ул.Христо Смирненски на територија на Општина Центар -Скопје
Очекуван резултат-ефект	Партерно уредување – трансформација во една модерна урбана пиацета, поплочена со гранитни плочи на ул.Христо Смирненски
Ризик	Министерство за локална самоуправа – Финансирање на инфраструктурни проекти
Локација - ДУП	Буњаковец - Партерно уредување – трансформација во една модерна урбана пиацета, поплочена со гранитни плочи слеп дел од улицата накај бул.М.Т.Гологанов на територијата на Општина Центар-Скопје
Датум за почеток	2027 година
Датум за завршување	2027 година
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште
Проект	Има изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 9.300.000,00 денари.
Година	**2027**
Вредност	**9.300.000,00денари**

Активност бр. 16	Изградба на дом за стари лица		
Очекуван резултат-ефект	Зголемување на негата на стари лица ,зголемена згриженост на лицата кои немаат кои да се грижи ,простор за згрижување на 50 лица .		
Ризик	Општина Центар		
Локација - ДУП	Тасино Чешмиче		
Датум за почеток	2027 година		
Датум за завршување	2029 година		
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште		
Проект	Нема изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот		
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач		
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 243.000.000,00 денари.		
Година	**2027**	**2028**	**2029**
Вредност	**3.000.000,00денари**	**120.000.000,00денари**	**120.000.000,00денари**

Активност бр. 17	Изградба на два базени во ОУ Димитар Миладинов и ОУ 11 ти Октомври	
Очекуван резултат-ефект	Зголемување на современи услови за спорт и рекреација .	
Ризик	Општина Центар	
Локација - ДУП	Школо Димитар Миладинов ,11 ти Октомври	
Датум за почеток	2027 година	
Датум за завршување	2028година	
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште	
Проект	Нема изготвено основен проект и ревизија на основниот проектот	
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач	
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 48.000.000,00 денари.	
Година	**2027**	**2028**
Вредност	**23.000.000,00денари**	**25.000.000,00денари**

Активност бр. 18	Проширување на капацитетите - 1450м^2 во ООУ Песталоци	
Очекуван резултат-ефект	Зголемување и современи услови за едносменско работно време.	
Ризик	Општина Центар	
Локација - ДУП	ООУ Песталоци - Буњаковец	
Датум за почеток	2027 година	
Датум за завршување	2028година	
Поврзаност со други програми	Потпрограма за уредување на градежно земјиште	
Проект	Изработка на Основен проект во постапка	
Фирма	Потребно е да се распише јавна набавка за избор на изведувач	
Договор - Вредност	Вкупната планирана/проектирана вредност изнесува 160.000.000,00 денари.	
Година	**2027**	**2028**
Вредност	**50.000.000,00денари**	**110.000.000,00денари**

Во согласност со член 21-б став 3 од Законот за буџети („Службен весник на РМ" бр. 64/05; 04/08; 103/08; 64/05; 156/09; 95/10; 180/11 и 171/12) донесеното во Планот на програми за развој за 2027-2029 година е составен дел на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2027 година.

Овој План на програми за развој за период 2027-2029 година, на Општина Центар-Скопје влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6061/12
13.11.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година.

Бр. 09-6061/15
13.11.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
д-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 15 став 4 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 15. седница, одржана на 13.11.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на
Програмата за комунални дејности
на Општина Центар-Скопје за 2026 година

Во делот од програмата се врши измена и дополнување на дел од потпрограмите и тоа:

Ј30-Јавно осветлување

Ј		КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ	Планирано	Предложено со репрограмирање
	Ј30	**Јавно осветлување**	**33.400.000,00**	**36.400.000,00**
	421110	**Електрична енергија**	**19.000.000,00**	**22.000.000,00**
		Потрошена електрична енергија за улично осветлување и потрошена ел. енергија за Општина Центар	2026	2026
	424390	**Одржување на други градби**	**10.400.000,00**	**10.400.000,00**
		Одржување на јавното осветлување на територија на Општина Центар-Скопје	2026	2026
	426990	**Новогодишно украсување**	**4.000.000,00**	**4.000.000,00**
		Новогодишно украсување на територија на Општина Центар	2026	2026

Ј40-Јавна чистота

Ј		КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ	Планирано	Предложено со репрограмирање
	Ј40	**Јавна чистота**	**53.200.000,00**	**53.200.000,00**
	423310	**Униформи**	**400.000,00**	**600.000,00**
		Набавка на униформи за работниците за одржување на хигиената	2026	2026
	423320	**Обувки**	**200.000,00**	**0,00**
		Набавка на обувки за работниците за одржување на хигиената	2026	2026

	423810	**Ситен инвентар**	**600.000,00**	**600.000,00**
		Рачен и градинарски алат за работниците за одржување на хигиената: алати, лопати, метли, канти за отпадоци, потрошен материјал, четкици за метларките и др.	2026	2026
	426990	**Други оперативни расходи**	**1.000.000,00**	**1.000.000,00**
		Депонирање на комунален отпад до депонија	2026	2026
	464990	**Други трансфери**	**51.000.000,00**	**51.000.000,00**
		Трансфери до ЈП ПОЦ	2026	2026

JA0-Реконструкција на Јавно осветлување

Ј		**КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**		**Планирано**	**Предложено со репрограмирање**
	JA0	**Реконструкција на Јавно осветлување**		**2.500.000,00**	**0,00**
	482910	**Проекти за Ниско напонска ел. мрежа и улично осветлување**		**450.000,00**	**0,00**
		Проекти и ревизија на проекти за нисконапонска електрична мрежа и улично осветлување на локации		**Планирано**	**Планирано**
		ул.402 од ул.Славко Јанвески покрај Поликлиника на МВР до ул.Славе Георгиевски Шнајдер	L=130,00м'	2026	2026
		Сквер Јадран: ул.Никола Кљусев ул.Н.Н.Борче	L=190,00м' L=70,00м'	2026	2026
		ул.Ацо Караманов од бр.12 кај ТС нагоре по кривината од двете страни	L=500,00м'	2026	2026
	482930	**Реконструкција на електрична мрежа и улично осветлување**		**2.000.000,00**	**0,00**
		ул.Козара од ул.Васил Ѓоргов до ул.Шарски Одреди	L=105,00м'	2026	2026
		ул.Бел Камен од ул.Васил Ѓоргов до ул.Водњанска	L=750,00м'	2026	2026
		ул.402 од ул.Славко Јанвески покрај Поликлиника на МВР до ул.Славе Георгиевски Шнајдер	L=130,00м'	2026	2026
		Сквер Јадран: ул.Никола Кљусев ул.Н.Н.Борче	L=190,00м' L=70,00м'	2026	2026
		ул. Ј.Ј.Свештарот од ул.Славко Јанвески до главниот влез од Средно Раде Јовечевски Корчагин	L=80,00м'	2026	2026
		ул.Љубе Здравковски Орлов	L=100,00м'	2026	2026
		ул.Адам Мицкиевиќ	L=135,00м'	2026	2026
		ул.Ацо Караманов од бр.12 кај ТС нагоре по кривината од двете страни	L=500,00м'	2026	2026
	-	Ел. Приклучок и дислокација на ел.мрежи на локации (по потреба)		2026	2026

	482940	**Надзор над изградба и реконструкција на електрична мрежа и улично осветлување на територија на Општина Центар-Скопје**	**50.000,00**	**0,00**
		Стручен надзор над изградба и реконструкција на електрична мрежа и улично осветлување	2026	2026

Оваа измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје”.

Бр. 08-6061/14
13.11.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

